**Македонски Телеком АД - Скопје**

Согласно Законот за трговски друштва, Статутот на Македонски Телеком АД – Скопје (Друштвото) и Одлуката на Одборот на директори на Друштвото (арх. бр. 45901/1 од 26.02.2015 година), Собранието на Друштвото, на својата годишна седница одржана на ден 15.04.2015 година ја донесе следната:

# Предлог Одлука

## за усвојување на Годишниот извештај за работењето на Друштвото за 2014 година

### Член 1

Собранието на Друштвото го усвојува Годишниот извештај за работењето на Друштвото за 2014 година, кој е даден во прилог како составен дел на оваа одлука.

### Член 2

Се задолжуваат Секторот за Сметководство и даноци и Секторот за Корпоративни финансии треба да го организираат поднесувањето на Годишниот извештај за работењето на Друштвото за 2014 година до надлежните државни институции согласно законските прописи.

### Член 3

Оваа Одлука стапува во сила со денот на нејзиното донесување.

**Собрание**
**Претседавач**